Уп. Бр.08-85/2023

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Винтергејт Интернационал СЕ (Wintergate International SE), со регистрирано седиште на ул. Европска бр. 2758/11, Дејвице, 160 00 Прага 6, Чешка Република доставено преку Адвокатско друштво Георги Димитров Адвокати од Скопје, на седницата одржана на ден 14.07.2023 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува дека концентрацијата која се однесува на стекнување самостојна контрола од страна на Винтергејт Интернационал СЕ (Wintergate International SE), со регистрирано седиште на ул. Европска бр. 2758/11, Дејвице, 160 00 Прага 6, Чешка Република над Титанкоин Интернационал а.с. (Titancoin International a.s.), со регистрирано седиште на ул. Европска бр. 2758/11, Дејвице, 160 00 Прага 6, Чешка Република, по пат на купопродажба на акции, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија" бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата на ден14.06.2023 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) е доставено известување за концентрација од Винтергејт Интернационал СЕ (Wintergate International SE), со регистрирано седиште на ул. Европска бр. 2758/11, Дејвице, 160 00 Прага 6, Чешка Република со која Винтергејт Интернационал СЕ ќе стекне самостојна контрола над Титанкоин Интернационал а.с. (Titancoin

International a.s.), со регистрирано седиште на ул. Европска бр. 2758/11, Дејвице, 160 00 Прага 6, Чешка Република,

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација и прилозите кон истото го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**Винтергејт Интернационал СЕ** е друштво со специјална намена под индиректна контрола на Рокавеј Капитал СЕ (Rockaway Capital SE), друштво-мајка на Рокавеј Групацијата (Rockaway Group), базирано во Чешка. Деловните активности на Рокавеј Групацијата примарно опфаќаат електронска трговија, онлајн туристички агенции, финансиски технологии, објавување на книги и други медиуми, ризичен капитал и инвестиции во развој на недвижности.

Рокавеј Групацијата во Северна Македонија е присутна преку Џирафа Групацијата (Gjirafa Group), врз која остварува заедничка контрола. Џирафа Групацијата работи со алатка за пребарување на албански јазик, платформа за видеа/вести, онлајн маркетнг платформа и платформа за електронска трговија фокусирана на Албанија, Косово и Северна Македонија.

Џирафа Групацијата има едно зависно друштво во Северна Македонија, Друштво за електронска трговија и услуги ЏИРАФА ДООЕЛ Скопје, јадранска Магистрала бр.86 Скопје кое е активно во областа на онлајн малопродажба.

**Титанкоин Интернационал а.с**. самостојно не спроведува деловни активности, тоа поседува 100% од акциите во ВИВАНТИС а.с. (VIVANTIS a.s.), чешко акционерско друштво, со регистрирано седиште на ул. Школни намести бр. 14, 537 01 Хрудим, Чешка Република,. Вивантис а.с. работи со разни електронски продавници кои се активни примарно во Чешката Република, Словачка, Романија, Унгарија, Австрија и Италија, и се главно фокусирани на козметика, парфеми, мода, часовници и накит, електроника (особено потрошувачка електроника и мали апарати за домаќинство) и производи за мајчинство.

Титанкоин Интернационал а.с. нема зависни друштва во Северна Македонија ниту пак е присутен на пазарот на Северна Македонија на било кој друг начин.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) и од член 14 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица

значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. д-р Владимир Наумовски**